Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Дванаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 28 февруари 2020 година

Скопје, февруари 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Дванаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 28 февруари 2020 година**

Седницата започна во 11:30 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, како и Ана Петровска, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Хусни Исмаили, министер за култура, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без

ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Записник од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 27 февруари 2020 година - Информација во врска со следни чекори и одлуки кои се однесуваат на превенција на ширење на коронавирусот.

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата по Записникот од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 27 февруари 2020 година и Информацијата во врска со следни чекори и одлуки кои се однесуваат на превенција на ширење на коронавирусот им наложи на сите вработени во државните и локалните институции и претпријатија, а особено вработени во основното, средното и високото образование, како и сите ученици и студенти, дека доколку во последните две недели патувале или живеат со некој кој патувал во следниве земји/региони: регионите Ломбардија, Венето, Емилија Ромања и Пиемонт во Италија, како и Народна Република Кина, Хонг Конг, Иран, Јапонија, Макао, Филипини, Република Кореа, Сингапур и Тајван:

- да не доаѓаат на работа/училиште/факултет и за тоа да ја информираат институцијата/претпријатието/училиштето.

- во случај на појава на симптоми лицата да се јават на дежурните телефонски броеви на Центарот за јавно здравје, Институтот за јавно здравје и ЗД Ало Докторе.

Истовремено, врз основа на новонастанатата епидемиолошка ситуација, Владата им препорачува на сите организатори да ги откажат сите јавни собири до 6 март 2020 година (како што се Струмичкиот карневал, Меѓународниот карневал „Прочка“ - Прилеп, концертот

на Фестивалот „Мозаик“), поголеми културно-уметнички манифестации и им препорачува на спортските федерации, спортските натпревари да се играат без публика.

Исто така, Владата заклучи:

- Комисијата за заразни болести и Министерството за здравство постојано да ја следат состојбата и да даваат навремени препораки и информации до Кризниот штаб, со цел преземање на соодветни мерки од страна на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи и Владата.

- Се задолжуваат Државниот пазарен инспекторат и Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија да извршат увид и контрола на работењето на аптеките, фармацевтските компании и фабрики во однос на зголемување на цените и количините на производите кои се чуваат во залиха, непродавање на истите и да се утврди дали со ова се влијае на цените на истите и доколку се утврдат неправилости во работењето да се покрене кривична одговорност, со оглед дека се загрозува здравјето и животот на луѓето. Истото, Државниот пазарен инспекторат да го изврши и во продавниците за стока за широка потрошувачка.

- Се задолжува Министерството за внатрешни работи, за наредната седница на Владата, да достави информација за тоа како се спроведуваат мерките на Кризниот штаб за детална контрола на границите при влегување од кризните региони во Република Северна Македонија и како и на кој начин се врши надзорот и контролата на спроведувањето на тие мерки на граничните премини.

- Се препорачува на Црвениот крст на Република Северна Македонија да се стави во функција на Министерството за внатрешни работи и Министерството за здравство, односно да помогне со вклучување на волонтери во анкетирањето/интервјуирањето на лицата кои влегуваат во државата на граничните премини.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

**1.** По повод Информацијата за последиците од невремето што го зафати Скопје со силниот ветер и паѓањето на фасадата на зградата на АД „МЕПСО“ и дел од фасадата на зградата на Владата на Република Северна Македонија, Владата заклучи:

- Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија да ги преземе сите активности во рамките на своите законски надлежности за утврдување на одговорност кај изведувачот и надзорот на овие објекти за настанување на оваа состојба (паѓање на фасадата).

Истовремено, Владата заклучи Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија да ги преземе сите активности во рамките на своите законски надлежности за утврдување на одговорност кај изведувачот и надзорот и кај други објекти кај кои се појавуваат вакви или слични недостатоци.

**2.** Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски ги информираше членовите на Владата за актуелните случувања во Сирија и можноста од прилив на поголем број мигранти/бегалци од Сирија во Европа преку нашата територија.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:55 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски